РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| Примено: | 05.04.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 18 - | 644/1 | | |

**До: Општина Гевгелија**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

„Колку пати, кога и во кој дел е извршена промена на одобрението за градење Убр.04-774/1, издадено на Гранит АД во 1982 година од О.Гевгелија, што се однесува за објект-хотел во Дојран (КП 348, КО Стар Дојран)".

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Потпис**

[redacted]

ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**Бр.11-277/2 од 10.04.2023 год.**
**Гевгелија**

До:
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
- Овластено лице за постапување со информации од јавен карактер
(Томе Јанкуловски)

**ПРЕДМЕТ:Одговор на барање**

Во врска со Вашиот допис бр.18-644/2 од 05.04.2023год. во прилог на барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Гевгелија од страна на [redacted], Ве известуваме дека во нашата архива е пронајдено Одобрение за градење У бр.04-774/1 од 31.03.1982 за КП 348 КО Стар Дојран, издадено на работната организација „Гранит" за изградба на комерцијално-угостителски објект-хотел од приземје и три ката, за извршена промена на Одобрение во нашата архива нема дополнителни податоци.

Со почит,

**Советник**:
Викторија Ќурчиева

**Раководител на сектор:**
Ирена Томчева

-прилог:Одобрение за градба Убр.04-774/1 од 31.03.1982

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
У бр.04-774/1
31.03.1982 год.
Гевгелија

По барање на Градежната работна организација "Гранит" Скопје О
за одобрување изградба на комерцијално-угостителски објект-хотел од п
је и три ката во Стар Дојран,а на основа чл.14 од Законот за изградба
инвестициони објекти ("Сл.весник на СРМ" бр.35/73 г.) и чл.202 од За
за општата управна постапка,Одделението за имотно правни и станбено к
ни работи на Собранието на општина Гевгелија,донесува

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА

1.СЕ ОДОБРУВА на Работната организација "Гранит" Скопје ООЗТ/
Негорино како инвеститор да изгради комерцијално-угостителски објект-
од приземје и три ката (П+3) во Стар Дојран,под услов да се придржува
градежно техничките прописи,одобрената локација,одобрениот проект и п
кол за регулација.

2.Објектот да се изгради во рок од една година.По изминувањето
овој рок престанува важноста на ова одобрение за градба.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Градежната работна организација "Гранит" Скопје ООЗТ/II Неготи
со молба 09-2209 од 10.04.1979 година побара да се одобри изградба на
цијално угостителски објект-хотел од приземје и три ката (П+3) во Стар
ран на местото означено во графичкиот дел на локацијата.

Со барањето приложи:

1.Решение за доделено градежно земјиште У бр.04-85/1 од 21.02.
2.Решение за локација У бр.04-232/1 од 6.03.1982 год.
3.Ревидиран проект тех.бр.1459/78-Завод за урбанизам Охрид.
4.Урбанистичка согласност У бр.04-233/1 од 6.03.1982 год.
5.Потврда за извршена техничка контрола на проектот Бр.729/79
6.Решение за регулациона линија.
7.Мислење за противпожарна заштита У бр.03-1472/1 од 9.06.1981
8.Решение за санитарна согласност Бр.11-о2-63 од 4.03.1981 год
9.Потврда за вршење надзор .
10.Потврда за обезбедени инвестициони сретства.
11.Доказ за уплатен надоместок за комунално уредување и земјиште

Одделението за имотно правни и станбено комунални работи на Собр
ето на општина Гевгелија по разгледувањето на барањето и приложените д
менти констатира дека инвеститорот ги исполнува условите за добивање О
ние за градба за изградба на комерцијално угостителски објект-хотел во
Дојран а на основа комплетираната и одобрена документација.

На основа констатираното донесе решение како во диспозитивот.

Такса по тар.бр.33 од ЗАТ во износ од 837,оо динари е наплатена,
лепена и поништена на подиесокот.

ПРАВНА ПОУКА:Недоволната странка од ова решение има право на жал
рок од 15 дена од денот на врачувањето,преку овој орган,до Републичкиот
ретаријат за индустрија и трговија на СРМ Скопје.

Жалбата се таксира со 20 динари во таксени марки.

НАЧАЛНИК
на Одделението за имотно правни
и станбено комунални работи
Правдан [illegible]

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Одделение за урбанизам, градежништво,
архитектура и заштита на животната средина

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

## РЕШЕНИЕ

Општина Гевгелија како имател на информација од јавен карактер позитивно одговори на барањето за обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]

## Образложение

[redacted], поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер со кои располага Општина Гевгелија, бр. 18-644/1 од 05.04.2023 год., кое се однесува на барање до општината, односно барање на информации за:

Колку пати, кога и во кој дел е извршена промена на одобрението за градење Убр.04-774/1, издадено на Гранит АД во 1982 година од О.Гевгелија, што се однесува за објект-хотел во Дојран (КП 348, КО Стар Дојран).

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

Бр.18-644/4
12.04.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-644//3**
**12.04.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**Предмет:** Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека од имателот ја барам следната информација од јавен карактер, односно:

Колку пати, кога и во кој дел е извршена промена на одобрението за градење Убр.04-774/1, издадено на Гранит АД во 1982 година од О.Гевгелија, што се однесува за објект-хотел во Дојран (КП 348, КО Стар Дојран).

Во прилог ви доставуваме информација со која располагаме:

- Одговор на барање од Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, бр. 11-277/2 од 10.04.2023 год.

Со почит,

Изработил,
Томе Јанкуловски,
Лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Доставено до:
- насловот
- архива